Република Северна Македонија
**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
KËSHILLI INSPEKTUES
Скопје - Shkup
Бр. / Nr. 03-1199/1
06. 12. 2023 20 год. / viti

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА

# НА ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ ЗА 2024 ГОДИНА

**Скопје**

**Декември, 2023 година**

*Врз основа на член 16, став (2), од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/19), Инспекцискиот совет, на 333-та седница, одржана на 06.12.2023 година, донесе Годишен план за работа на Инспекцискиот совет за 2024 година.*

# СОДРЖИНА

I. РЕЗИМЕ ..... 1
II. ПРОГРАМСКА РАМКА ..... 1
II.1. Следење на спроведувањето на законските прописи за инспекциски надзор ..... 1
II.1.1. Цели ..... 1
II.1.2. Резултати ..... 1
II.1.3. Кус опис ..... 1
II.2. Клучни производи и услуги на Советот ..... 2
II.2.1. Цели ..... 2
II.2.2. Резултати ..... 2
II.2.3. Кус опис ..... 3
II.3. Соработка со други институции, организации, медиуми, јавност ..... 1
II.3.1. Цели ..... 1
II.3.2. Резултати ..... 2
II.3.3. Кус опис ..... 2
II.4. Подобрување на работењето на Советот ..... 3
II.4.1. Цели ..... 3
II.4.2. Резултати ..... 3
II.4.3. Кус опис ..... 4
III. РИЗИЦИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНОТ ..... 5
IV. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ ..... 6
V. ПРИЛОГ 1 – АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ ЗА 2023 ГОДИНА ..... 8

# I. РЕЗИМЕ

Согласно Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/19), Инспекцискиот совет (во понатамошниот текст: Советот) е самостоен орган на државната управа со својство на правно лице. Советот е колегијален орган составен од претседател и шест члена.

Согласно Законот за инспекциски надзор, Советот има надлежности врз 28 инспекциски служби, од кои 15 функционираат како инспекторати, а 13 инспекциски служби функционираат како организациски единици во други органи на државната управа. Во рамки на овие инспекциски служби се утврдени 45 видови инспектори, а заклучно со 15.11.2023 година вработени се 864 инспектори кои вршат инспекциски надзор.

Врз основа на овој Годишен план за работа на Советот за 2024 година, Советот приоритетно ќе се фокусира на неговите основни функции и тоа:

1. Ја следи и координира работата на инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа;

2. Се грижи за примена на меѓународно признатите стандарди за инспекциски надзор пропишани од меѓународните, европските и регионалните организации за стандардизација, како и за стандардите и другите стандардизациски документи кои ја сочинуваат националната стандардизација, како и правилата на добра практика кои ги применува субјектот на инспекциски надзор;

3. Дава писмена согласност на годишниот план за инспекциски надзор на инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици на инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа;

4. Дава мислење на методологиите за проценка на ризик донесени од инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа;

5. Дава мислење на шестмесечните извештаи за инспекциски надзор на инспекциските служби организирани како орган во состав на министерствата и организациските единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа;

6. Дава мислење на предлозите на законите и подзаконските акти од областа на инспекцискиот надзор;

7. Донесува насоки за изготвување на актите за внатрешна организација и систематизација на инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациските единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа, врз основа на кои Министерството за информатичко општество и администрација дава согласност;

8. Подготвува годишен извештај за работа на инспекциските служби организирани како органи во составна министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа, кој го доставува до Владата;

9. Издава налог за вршење на поединечен и заеднички инспекциски надзор, на инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа;

10. Донесува програма за интерактивна обука за стекнување со лиценца за инспектор;

11. Донесува програма за испит за лиценца за инспектор - општ дел и го организира и спроведува општиот дел од испитот за лиценца за инспектор;

12. Издава лиценца за инспектор;

13. Развива политики за управување со учинокот на инспекторите и ја следи успешноста на нивното работење;

14. Креира единствена рамка за развој и управување со инспекторите во инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа;

15. Воспоставува и одржува систем за стручно усовршување и обука на инспектори во инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици на инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа;

16. Донесува и спроведува годишна програма за генеричка обука на инспекторите во инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа;

17. Донесува стратешки план, годишен план за работа и годишен извештај за работа на Советот;

18. Воспоставува и одржува регистри и информациски систем за управување со инспекцискиот надзор;

19. Постапува по претставки од физички и правни лица, поврзани со работата на инспекторите, инспекциските служби и/или субјектите на инспекциски надзор;

20. Поднесува предлог за разрешување на директор на инспекциска служба на член 26, став (1), точка 1;

21. Поднесува иницијатива за утврдување на дисциплинска одговорност на инспектор;

22. Спроведува меѓународна соработка во областа на инспекциски надзор и

23. Други работи утврдени со закон.

Планот за работа, се потпира на повеќе слојниот делокруг на Советот, утврден во Законот за инспекциски надзор, како и на приоритетите содржани во Стратешкиот план на Советот (2024-2026), а внимание ќе се посвети и на спроведување на обврските кои за Советот произлегуваат од приоритетите на Владата на Република Северна Македонија.

Врз основа на претходното, се утврдени клучните приоритети за 2024 година, во областите на четирите програмски рамки (Види Прилог 1).

# II. ПРОГРАМСКА РАМКА

Во ова поглавје се презентирани програмските активности структурирани според приоритетните области. Секоја цел е поддржана со клучни резултати и индикатори за постигнувањето. Спроведувањето на предвидените активности на Советот е комплементарно со приоритетните политики на Република Северна Македонија. Придонесот на Советот ќе биде развиен во соработка и консултација со релевантните институции на централната и локалната власт.

## II.1. Следење на спроведувањето на законските прописи за инспекциски надзор

### II.1.1. Цели

Подобрувањето на законската рамка која ја даваат Законот за инспекциски надзор и подзаконските акти кои произлегуваат од него, се постојана цел во работењето на Советот. Крајниот стремеж е изградба на систем кој гарантира стручна, професионална, ефикасна, политички неутрална, етична и пред се сервисно ориентирана инспекциска служба, во која вработувањето и напредувањето во кариерата ќе се заснова и ќе зависи само од способностите на инспекторите.

### II.1.2. Резултати

- Давање мислења на законите и подзаконските акти од областа на инспекцискиот надзор со цел нивно усогласување со Законот за инспекциски надзор
- Давање предлози за изменување и дополнување на закони
- Давање на налог за вршење на единечен и заеднички инспекциски надзор

### II.1.3. Кус опис

Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/19), воведе обврска во рок од шест месеци по влегување во сила, сите материјални закони по кои постапуваат инспекциските служби да се усогласат со него, имајќи ги во предвид Насоките за усогласување на посебните закони издадени од Министерството за информатичко општество и администрација,со цел воведување на унифициран систем за инспекциски надзор. Иако овој рок измина уште во декември 2019 година, за жал поради различни објективни и помалку објективни причини, голем дел од законите се уште не се усогласени со ЗИН, поради што ова останува еден од главните приоритети на Советот во оваа област и во 2024 година.

Дополнително, Советот и инспекциските служби во негова надлежност, во нивното тековно работење наидуваат на отворени прашања, кои бараат интервенција во законодавството со цел негово доследно имплементирање. За таа цел, Советот, до соодветните предлагачи на тие закони, дава предлози за нивно изменување или дополнување.

Советот континуирано постапува по претставки и предлози од физички и правни лица и доколку има потреба издава налог за вршење на поединечен и заеднички инспекциски надзор.

***Индикатори за постигнувањата на резултатите:***

- *Број на издадени мислења за закони и подзаконски акти од областа на инспекцискиот надзор*
- *Број на издадени предлози за изменување и дополнување на закони*
- *Број на издадени налози за вршење на единечен и заеднички вонреден инспекциски надзор*

## II.2. Клучни производи и услуги на Советот

### II.2.1. Цели

Обезбедувањето на извршувањето на клучните законски обврски на Советот, кои произлегуваат од Законот за инспекциски надзор, како и негово целосно спроведување, во функција на системот на инспекциски надзор, кој треба да обезбеди стручна, професионална, ефикасна, политички неутрална, етична и пред се сервисно ориентирана инспекциска служба, останува и понатаму клучна цел во работењето на Советот.

### II.2.2. Резултати

Инспекциските служби се главни корисници на услугите кои се во надлежност на Советот, а во оваа област се очекува постигнување на следните резултати:

- Донесување на Годишен извештај за работа на инспекциските служби за 2023 година,
- Давање мислења на шестмесечните извештаи за работа на инспекциските служби,
- Давање согласности за Годишните планови за работа на инспекциските служби за 2025 година,
- Обработка и анализа на месечни планови за работа на инспекциските служби,
- Обработка и анализа на Извештај за оценување на учинокот на инспекторите,
- Донесување на Годишна програма за генерички обуки на инспекторите за 2025 година,
- Анализа на индивидуалните годишни планови за стручно усовршување и обука на инспекторите во инспекциските служби
- Организирање и спроведување на генеричка обука на инспекторите,
- Организирање и спроведување на интерактивна обука за лиценца за инспектор,
- Издавање и одземање на лиценца на инспектор,
- Постапување по претставки на физички и правни лица,
- Одржување на Регистрите на Советот,

- Надградба, управување и одржување на електронската платформа е–инспектор,
- Учество во подготвување на законски и други проекти во надлежност на други органи на управата.

### II.2.3. Кус опис

Вообичаено, редовното внимание на Советот ќе биде насочено кон спроведување на законските надлежности во однос на давањето на согласности на годишните планови за работа и разгледувањето на шестмесечните извештаи за работа на инспекциските служби, како и на организацијата и спроведувањето на генеричките и интерактивни обуки за инспекторите и кандидатите за инспектори.

Сепак, најголемиот предизвик за Советот во 2024 година, ќе биде управувањето и одржувањето на електронскиот систем за инспекциски надзор (е-инспектор), кој веќе го користат три инспекциски служби Државен пазарен инспекторат, Државен инспекторат за труд и Државен управен инспекторат, вклучени во почетната пилот фаза.

Во текот на 2022 година, Советот преку спроведување на јавна набавка и Договори за давање на трајно користење на движни ствари склучени меѓу инспекциските служби и ДЗС реализираше осовременувањето на хардверската подготовка на 13 инспекциски служби, кои се целосно хардверски опремени со цел приклучување на платформата е- инспетор:

1. Државен инспекторат за земјоделство,
2. Државен просветен инспекторат,
3. Државен санитарен и здравствен инспекторат,
4. Државен инспекторат за шумарство и ловство,
5. Агенцијата за храна и ветеринарство,
6. Државен инспекторат за транспорт,
7. Државен инспекторат за животна средина,
8. Државен инспекторат за техничка инспекција,
9. Државен инспекторат за градежништво и урбанизам;
10. Државен комунален инспекторат,
11. Инспекторат за употреба на јазиците;
12. Државен инспекторат за локална самоуправа и
13. Државен девизен инспекторат.

Во февруари 2022 година започна со реализација проектот Е-инспектор – продолжување на поддршката на инспекциските реформи во Република Северна Македонија, поддржан од Европската банка за обнова и развој (ЕБРД). Основната цел на овој проект е целосна

автоматизација и електронизација на инспекциската постапка преку развивање на 13 нови модули за 13-те горенаведени инспекциски служби. За потребите на оваа проектна активност во првата половина на 2023 година се реализираа следните активности:

- Во јануари ИТ компанијата (ИТгма) изготви документ – Гап Анализа на имплементирато решение за информатичкиот систем за инспекциски надзор, е-Инспектор и истиот го достави на разгледување и усвојување до Инспекцискиот совет и до Европската банка за обнова и развој. ГАП анализта беше изработена на пилот софтверското решение развиено за трите пилот инспекторати (Државен управен инспекторат, Државен пазарен инспекторат и Државен трудов инспекторат). За потребите на анализата во претходниот извештаен период беа земени во предвид забелешките и коментарите на инспекторатите и истите беа имплементирани во анализата. Инспекцискиот совет ја разгледа и усвои Информацијата за спроведената Гап Анализа и за истото ги извести трите инспекциски служби. По усвојување на Информацијата, ИТ компанијата пристапи кон развивање на идентификуваните недостатоци и проблеми директно во системот. Потоа се изврши тестирање на Е-Инспектор од страна на трите инспекторати и платформата за овие три инспекторати влезе во фаза на продукција. Од март 2023 година трите инспекторати (ДУИ, ДПИ и ДТИ) работат на продукција, односно го спроведуваат вонредниот инспекциски надзор преку системот Е-Инспектор.
- Во месеците март и мај се одржаа тродневни работилници со Државниот инспекторат за земјоделство, Агенцијата за храна и ветеринарство, Инспекторатот за употреба на јазиците, Државниот инспекторат за животна средина, Државниот санитарен и здравствен инспекторат и Државниот просветен инспекторат. Целта на овие работилници беше идентификување на спецификите на секој од наведените инспекторати од аспект на планирање на надзорите, субјектите на надзор, издавањето на налози, спроведувањето на надзорот (записници и решенија) и неговото затворање.
- Во месец април се одржа работилница за користење на Е-Инспектор за претседателката и членовите на Инспекцискиот совет.
- Се потпишаа Договори за користење податоци (интероперабилност) помеѓу 6-те инспекторати и Централен регистар, со цел користење на податоците преку Националната платформата за интероперабилност, односно преку електронскиот информациски систем за инспекциски надзор Е-инспектор, за што Инспекцискиот совет даде согласност. Исто така, инспекциските служби потпишаа Меморандуми за соработка со Агенцијата за вработување и Царинската управа.

- По развивање на модулите се реализираа обуки за сите 6 инспекторати. На обуките учествуваа по 30 инспектори од секоја инспекциска служба.
- На работилниците беа идентификувани проблеми во процесот на планирање од причина што дел од инспекциските служби (ДИЗ, АХВ, ДИЖС) при планирање на надзорот покрај податоците што би ги добивале од Централниот регистар, Агенцијата за вработување и Царинската управа користат податоци од свои регистри кои не се на Националната платформата за интероперабилност, туку се водат рачно во институциите (МЗШВ, АХВ). За таа цел беа организирани повеќе состаноци со

надлежните институции, при што се одлучи ИТ компанијата да развие можност овие регистри да се вградат во Е-инспектор. Истото е во фаза на изработка.

- Дополнителен проблем е неусогласеноста на голем број на материјални закони по кои постапуваат инспекторатите со Законот за инспекциски надзор и Законот за прекршоците, што им создава проблем на инспекторите при употреба на системот кој е изграден согласно Законот за инспекциски надзор.
- Воедно се воочи потребата од измена на обрасците на записникот и решението за што Инспекцискиот совет формираше работна група за измена на овие обрасци со цел олеснување на работата на инспекторите. Измената на овие обрасци соодветно ќе се преслика и во информацискиот систем, Е-инспектор.
- За потребите на полесна примена на овој систем, Инспекцискиот совет предвиде наставна програма во Годишната програма за генерички обуки на инспекторите за Употреба на информацискиот систем за инспекциски надзор, Е-инспектор, која е во фаза на изработка и ќе биде достапна за инспекторите од јануари 2024 година, и истата ќе биде поставена на ЛМС – системот за електронско учење.

Согласно Планот за реализација на проектот, до крајот на годината треба да се развијат модулите за:

- Државен инспекторат за шумарство и ловство
- Државен комунален инспекторат
- Државен инспекторат за градежништво и урбанизам
- Државен инспекторат за локална самоуправа
- Државен инспекторат за транспорт
- Државен технички инспекторат
- Државен девизен инспекторат.

За овие инспекторати до крајот на годината планирано е одржување на обуки за примена на Е-инспектор. Исто така ИТ компанијата ќе подготви Упатство за примена на системот, а воедно ќе сними и видеа (туторијали) со објаснување на систем функционалности на Е-инспектор, и истите ќе бидат поставени на платформата Е-инспектор.Во рамки на проектот е исто така предвидено да се воспостави врска помеѓу Е-инспектор и Службен весник на РСМ со цел инспекторите да имаат пристап до правните акти по кои постапуваат.Предвидено е сите 13 инспекциски служби да бидат ставени во продукција до крајот на февруари 2024 година.

Временскиот распоред на спроведување на е-платформата е опишан во Акцискиот план за приклучување на нови инспекторати, усвоен на 92-та седница на Владата на РСМ, одржана на 27.7.2021 година. Во Акцискиот план (Табела 1), се презентирани конкретни рокови, одговорности и потребни ресурси, за сите активности, со чие спроведување целосно се реализира стратешката определба на Советот за целосна дигитализација и автоматизација на инспекцискиот надзор и поврзаните активности.

Во врска со третата фаза од проектот, односно приклучување на останатите 12 инспекциски служби, која беше предвидена да се реализира во текот на 2023 година, истата не е започната од причина што втората фаза, односно развојот на модулите за 13-те инспекциски служби сеуште не е целосно реализирана и по завршување на истата ќе започне со реализација третата фаза, вклучување на преостанати инспекциски служби од развојот на

процесот на инспекциски надзор. Дополнително, развојот на модулите на 12-те останати инспекциски служби, односно Агенција за лекови и медицински средства - Одделение за инспекциски надзор, Агенција за млади и спорт - Сектор за инспекциски надзор , Дирекција за заштита и спасување - Сектор за генерален инспектор, Дирекција за радијациона сигурност- Одделение за инспекциски надзор, Државен архив на Република Македонија - Одделение за инспекциски надзор, Министерство за здравство - Сектор за хемикалии, Министерство за култура- Сектор за управен и инспекциски надзор, Министерство за транспорт и врски- Капетанија на пристаништа Охрид, Министерство за труд и социјална политика- Сектор за инспекциски надзор во социјалната заштита, Управа за заштита на културно наследство, Управа за сигурност во железничкиот сообраќај и Центар за управување со кризи - Одделение за инспекциски надзор, кои во овој момент се организирани како внатрешни организациски единици во состав на органите на државната управа, ќе зависи директно од процесот на реорганизација и оптимизација на инспекциските служби кој се одвива како дел од сеопфатниот процес на реорганизација и оптимизација на јавната администрација и ќе бидат предмет на вклучување во електронскиот систем, во зависност од крајниот исход на реорганизацијата.

Во врска со осовременувањето на хардверската подготовка на преостанатите 12 инспекциски служби, Советот успеа да обезбеди преносни компјутери за сите инспектори со поддршка од Владата на РСМ и Државниот завод за статистика преку Договори за давање на трајно користење на движни ствари без надомест, со кои 88 преносни компјутери се доделени на трајно користење на 12-те инспекциските служби. Имајќи го во превид фактот дека не е започнат Развојот на модулите за овие 12 инспекциски служби, Инспекцискиот совет во овој момент нема оправданост за да започне постапка за јавна набавка на останатата опрема, односно решенија за печатење во возила.

Имајки го во предвид фактот дека предавање на управувањето со системот за автоматизација на инспекциската постапка и инспекциското работење Е-инспектор се реазлизираше преку Договор за трајно користење на движна ствар без надомест со број 03-751/3 од 23.06.2022 година помеѓу Министерството за информатичко општество и администација и Инспекциски совет за уредување на правата и обврските за начинот на користење, чување и одржување на софтверска програма за автоматизација на иснпекциската постапка и инспекциското работење и потпишан Записник за извршено примопредавање на движна ствар со број 03-751/4 од 08.07.2022 година, во втората половина на 2023 година Советот спроведе јавна набавка за хостирање на системот е-инспетор, додека одржувањето на системот Е-инспектор е во рамки на проектот Е-инспектор – продолжување на поддршката на инспекциските реформи во Република Северна Македонија, поддржан од Европската банка за обнова и развој (ЕБРД), до март 2025 година. Хостирањето и одржувањето на системот се континуирани активности, за кои е потребно обезбедување на соодветни човечки и финансиски ресурси, и во текот на 2024 година, за што Владата ги задолжи Советот и Министерството за финансии (67-ма седница на ВРСМ, одржана на 27.4.2021 година).

Состојбата со вирусот COVID-19 во 2020, 2021 и 2022 година, сериозно влијаеше на спроведувањето на системот за развој и управување со инспекторите во инспекциските служби на централно ниво , кој е воспоставен со Законот за инспекциски надзор. Ваквиот систем ја препознава важноста на обуката во развојот на професионални и компетентни инспектори, кои претставуваат една од основните алки во успешното спроведување на законските и подзаконските акти во државата. Во текот на 2023 година Советот ја реализираше Програмата за интерактивна обука за стекнување со лиценца комбинирано, дел на класичен начин, во училница, дел со користење на електронската платформа за управување со стручното усовршување и обука на инспекторите ЛМС, додека Годишната програма за генерички обуки за 2023 година ја релизираше on-line, преку електронската платформа ЛМС. Советот планира и во текот на 2024 година Програмата за интерактивна обука за стекнување со лиценца за инспектор, да ја реализира комбинирано, дел на класичен начин во училница, дел со користење на електронската платформа за управување со стручното усовршување и обука на инспекторите ЛМС, која Советот ја разви со поддршка на ЕБОР. Платформата овозможува два начини за on-line учење: во „живо" и преку самостојно учење, но и спроведување на општиот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

***Индикатори за постигнувањата на резултатите:***

- *Број на инспекциски служби вклучени на електронската платформа за инспекциско работење „е-инспектор",*
- *Број на дадени мислења на извештаите за работата на инспекциските служби,*
- *Донесена Годишна програма за генерички обуки на инспекторите за 2024 година,*
- *Број на издадени согласности на годишните планови за инспекциски надзор на инспекциските служби,*
- *Број на развиени наставни планови за генеричка и интерактивна обука*
- *Број на новоразвиени електронски обуки, поставени на ЛМС платформата,*
- *Број на кандидати за инспектор кои посетувале интерактивна обука,*
- *Број на кандидати кои успешно го положиле општиот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор,*
- *Број на издадени сертификати за завршена генеричка обука,*
- *Број на издадени лиценци за инспектор,*
- *Број на обучувачи инспектори,*
- *Број на претставки по кои е постапувано.*

## II.3. Соработка со други институции, организации, медиуми, јавност

### II.3.1. Цели

Целта на оваа соработка е зајакнување на улогата на Советот во системот на хоризонтална координација на инспекцискиот надзор и обезбедување на целосно разбирање (медиумско/јавно/политичко) на неговата улога и значење во процесот на реформата на јавната администрација.

### II.3.2. Резултати

Во оваа област се очекува постигнување на следните резултати:

- Потпишување на два меморандуми за соработка со сродни институции во Регионот,
- Зајакнување на соработката со ЕБРД,
- Спроведување на медиумска кампања,
- Управување и одржување на веб страницата на Советот,
- Активно учество во креирање на Стратегија за реформа на јавната администација 2023-2030 година,
- Активно учество во креирање на Стратегија за формализирање на неформалната економија 2023 – 2025 година,
- Активно учество во креирање на Национална стратегија спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 година,
- Активно учество во креирање на Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026 година,
- Редовни средби со инспекциските служби,
- Состаноци со други институции.

### II.3.3. Кус опис

Реализацијата на надлежностите и програмските определби на Советот, во многу аспекти зависи од воспоставувањето и одржувањето на добра и активна соработка и комуникација со различни институции, организации, медиуми и општа јавност, како домашни, така и странски. Во овој контекст, Инспекцискиот совет има воспоставена редовна соработка со Кабинетот на Заменик на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики за добро владеење, Државната комисија за спречување на корупција, Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочната постапка, Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација, Управата за јавни приходи, Централниот регистар на РСМ, Царинската управа, Агенцијата за вработување, како и единиците на локалната самоуправа. Особено е важно интензивирање на соработката со Државната комисија за спречување на корупцијата преку спроведување на потпишаниот Меморандум за соработка и Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, во областа на континуирано стручно усовршување на инспекторите.

Покрај соработката со државните органи и институции, продолжува и соработката со меѓународните организации. Успешната соработка со Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) во насока на поддршка на реформите на инспекцискиот систем во Република Северна Македонија, продолжува и во првата половина на 2024 година преку проектот Е-инспектор – продолжување на поддршката на инспекциските реформи во Република Северна Македонија, поддржан од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР).

Во 2024 година, особено внимание ќе биде посветено на промоцијата на улогата на Советот во системот на инспекциски надзор, преку интензивирање на соработката со инспекциските служби и заедничко идентификување на предизвиците и решенијата за нивно надминување.

Во текот на 2023 година континуирано се работеше на подобрување на функционалноста и дизајнот на веб страната на Инспекциски совет, со цел полесен пристап до јавни информации на граѓаните, бизнис заедницата, инспекторите и инспекциските служби. Континуираното подобрување и редовното објавување на информации на веб страницата на Инспекциски совет ќе продолжи и во текот на 2024 година.

***Индикатори за постигнувањата на резултатите:***

- *Потпишани најмалку два меморандуми за соработка со сродни институции во Регионот*
- *Склучен Меморандум за соработка со Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка*
- *Број на подготвени и спроведени медиумски презентации (спотови, интервјуа, популарни написи и сл.)*
- *Број на објавени написи на веб-страницата на Советот*
- *Број на посетители на веб-страницата на Советот*
- *Број на одржани состаноци за креирање на Стратегијата за реформа на јавната администарција 2023-2030 година*
- *Број на одржани состаноци за креирање на Стратегијата за формализирање на неформалната економија 2023-2025 година*
- *Број на одржани состаноци за креирање на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 година*
- *Број на одржани состаноци за креирање на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026 година*
- *Број на одржани консултативни средби со инспекциските служби*
- *Број на одржани работни средби со останати институции*

## II.4. Подобрување на работењето на Советот

### II.4.1. Цели

Зајакнувањето на сопствените капацитети (квантитативни и квалитативни), како основен услов за остварувањето на надлежностите на Советот, останува и понатаму една од најважните цели за 2024 година, особено имајќи во предвид дека КОВИД кризата го спречи реализирањето на годишните планови за вработување за 2020 и 2021 година. Во таа насока ќе се работи на подобрувањена организацијата на работењето и зголемување на ефикасноста во извршување на обврските на Советот.

### II.4.2. Резултати

- Вработување на административни државни службеници,
- Донесување на Годишен извештај за работа на Советот 2023 година,

- Донесување на Стратешки план на Советот 2025 – 2027 година,
- Донесување на Годишен план за работа на Советот за 2025 година,
- Спроведување на обуки за стручно-административната служба на Советот,
- Зголемување на базата на инспектори обучувачи.

### II.4.3. Кус опис

Од исклучително значење за постигнување на резултатите од Годишниот план, ќе биде зајакнувањето на Советот и особено неговото место во инспекцискиот систем на државата. Затоа е неопходно на овие „внатрешни" прашања да им се даде највисок приоритет.

Остварувањето на предвидените цели и приоритети на Инспекцискиот совет се во директна зависност со бројот и структурата на службеници вработени во стручно – административната служба. Бројот на службеници вработени во службата, заклучно со 15.11.2023 година, изнесува 13 (од кои две се во мирување) од предвидените 38, односно 34,2 %. Според тоа, јасно е дека со ваков потенцијал на човечките ресурси, не може да се очекува успешно спроведување на стратешките определби на Инспекцискиот совет. Во Предлог – Годишниот план за вработување на Советот за 2024 година, предвидени се едно ново вработување на државни службеници и две унапредувања, а ќе се прават напори да се привлечат административни службеници и од други органи на државната управа. Посебно внимание ќе се посвети на унапредувањето на внатрешната координација.

Инспекцискиот совет на 320-тата редовна седница, одржана на 30.08.2023 година, го усвои Нацрт-Стратешкиот план на Инспекциски совет 2024-2026 година со арх.број 01-834/1 од 30.08.2023 година. Истиот е испратен до Минстерство за финансии и до Генерален секретаријат на Владата на РСМ за добивање мислење.

Инспекцискиот совет на Република Северна Македонија, согласно член 18, став 15 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ" бр.102/19) во рамките на своите надлежности, воспоставува и одржува систем за стручно усовршување и обука на инспектори во инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа. За таа цел, а во согласност со Стратегијата за стручно усовршување и обуки на инспекторите во инспекциските служби 2020-2024 година, усвоена на 150-тата вонредна седница на ИС, одржана на 18.12.2019 година, Инспекцискиот совет веќе три години гради и одржува база на обучувачи – инспектори, кои се сертифицирани за спроведување на интерактивните обуки за кандидатите за инспектори. Со цел континуитет во спроведувањето на интерактивните обуки, Советот преку повик за испектори обучувачи објавен на 10.11.2022 година, започна со унапредување и надградба на базата на инспектори обучувачи, со цел аквизиција на потенцијални инспектори-обучувачи, нивна селекција и обучување. Се очекува унапредувањето на базата на инспектори обучувачи да продолжи и во текот на 2024 година.

***Индикатори за постигнувањата на резултатите:***

- *Број на вработени државни службеници (преку јавен оглас и преку мобилност),*
- *Донесен Годишен план за работа на Советот за 2025 година,*

- *Донесен Годишен извештај за работа на Советот за 2023 година,*
- *Број на инспектори обучувачи*
- *Донесен Стратешки план на Советот за периодот 2025-2027 година,*
- *Број на спроведени обуки и број на обучени административни државни службеници во Советот.*

# III. РИЗИЦИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНОТ

| Ризик | Веројатност за настанување на ризикот | Влијание на ризикот врз остварување на целите | Мерки за справување со ризикот |
|---|---|---|---|
| Ненавремено и нецелосно функционирање на дигиталната платформа „е-инспектор" | Средна | Големо | - Обезбедување на постојана техничка и финансиска поддршка за корисниците (инспектори);<br>- Обезбедување на финансиски средства за развој на дополнителни модули во системот и негово воведување во сите планирани инспекциски служби. |
| Ненавременото и нецелосното пополнување на работните места во согласност со Актите за организација и систематизација на работните места во Инспекцискиот Совет | Голема | Големо | - Обезбедување на финансиски средства за вработување на потребните човечки ресурси и за нивна континуирана обука;<br>- Идентификување на административни службеници од други институции, кои поседуваат квалификации и сакаат да преминат на работа во Советот;<br>- Обезбедување на финансиски средства за ангажирање на надворешни соработници, особено во Секторот за ИКТ. |
| Неусогласеност на материјалните закон со Закон за инспекциски надзор | Голема | Големо | - Континуирана поддршка на институциите за усогласување на материјалните закони;<br>- Подготвување на Информација до ВРСМ за статусот и степенот на усогласеност на материјалните закони, со предлози за измени и дополнувања на тие закони. |
| Оневозможување на процесот на стручно усовршување и обука на инспекторите и кандидатите за инспектори. | Мала | Средно | - Навремено развивање на Програмите и материјалите за обука;<br>- Обезбедување на финансиски средства за ангажирање на обучувачи (внатрешни и надворешни);<br>- Обезбедување на финансиски средства за одржување на платформата за е-обуки. |

| Ризик | Веројатност за настанување на ризикот | Влијание на ризикот врз остварување на целите | Мерки за справување со ризикот |
|---|---|---|---|
| **Оневозможување на реализација на доставените иницијативи за покренување на дисциплинска одговорност од страна ИС** | Голема | Големо | - Измена на Законот за административни службеници, од аспект на рокот на застарување на сторениот дисциплински престап |

Спроведувањето на Планот за работа во 2024 година, сериозно ќе зависи од појавата на ризици кои го загрозуваат редовното работење.

# IV. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

Со буџетскиот циркулар за 2024 година, од Министерството за финансии се побарани средства во износ од 58.100.000,00 денари поради реализирање на надлежностите на Советот, кои произлегуваат од Законот за инспекциски надзор ("СВРСМ" бр.102/19), а во најголем дел се однесуваат на одржување и надградување на платформата за е-учење ЛМС, одржување и надградување на системот е-инспектор, како и развој на третата фаза од проектот е-инспектор преку развој на модули за останатите 12 инспекциски служби.

*Табела 1 Буџет на Инспекциски совет за 2024 година*

| Ред.бр. | Опис | Расходи од Буџет |
|---|---|---|
| 1. | Плати и надоместоци на вработените | 32.700.000,00 |
| 2. | Стоки и услуги | 9.900.000,00 |
| 3. | Капитални расходи | 15.500.000,00 |
| | ВКУПНО | 58.100.000,00 |

Со цел комплетна реализација на Акцискиот план за приклучување на нови инспекторати, усвоен на 92-та седница на Владата на РСМ, точка 10, со заклучок под реден број 1, како и заклучок под реден број 3 се задолжува Министерството за финансии да ги обезбеди сите потребни средства за реализација на Акцискиот план за приклучување на нови инспекторати. Одбезбедувањето на овие финансиски средства е од круцијално значење за да се обезбеди имплементацијата и доразвивањето на софтверот е-Инспектор, кој е еден од клучните компоненти на Планот за борба против корупцијата, што всушност претставува стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година. Дополнително, со оглед на фактот дека софтверот Е-инспектор во втората половина од 2022

година е предаден во владение на Инспекциски совет, особено е важно во Буџетот за 2024 година да се обезбедат средстава за негово хостирање и одржување.

Даниела Рендевска
Претседател на Инспекциски совет

# V. ПРИЛОГ 1 – Акциски план за спроведување на Годишен план за работа на Инспекциски совет за 2024 година

| Ред.бр. | Програмска определба / Активност (Резултат) | Рок за реализација / Коментар |
|---|---|---|
| 1. | Следење на спроведувањето на законските прописи за инспекциски надзор | |
| 1.1 | Давање мислења на законите и подзаконските акти од областа на инспекцискиот надзор, со цел нивно усогласување со Законот за инспекциски надзор | Континуирано |
| 1.2 | Давање предлози за изменување и дополнување на закони | Континуирано |
| 1.3 | Давање на налог за вршење на поединечен и заеднички инспекциски надзор | Континуирано |
| 2. | Клучни производи и услуги на Советот | |
| 2.1 | Донесување на Годишен извештај за работа на инспекциските служби во 2023 година | Прв квартал |
| 2.2 | Давање мислења на шестмесечните извештаи за работа на инспекциските служби | Први/Трет квартал |
| 2.3 | Давање согласности на Годишни планови за работа на инспекциските служби за 2025 година | Четврт квартал |
| 2.4 | Обработка и анализа на месечни планови за работа на инспекциските служби | Континуирано |
| 2.5 | Обработка и анализа на Извештај за оценување на учинокот на инспекторите | Прв квартал |
| 2.6 | Годишна програма за генерички обуки на инспекторите во 2025 година | Втор квартал |
| 2.7 | Анализа на индивидуалните годишни планови за стручно усовршување и обука на инспекторите во инспекциските служби | Четврт квартал |
| 2.8 | Организирање и спроведување на генерички обука на инспекторите | Континуирано |
| 2.9 | Организирање и спроведување на интерактивна обука за лиценца за инспектор | Континуирано |
| 2.10 | Издавање на лиценци за инспектор | Континуирано |
| 2.11 | Постапување по претставки на физички и правни лица | Континуирано |
| 2.12 | Одржување на Регистрите на Советот | Континуирано |
| 2.13 | Надградба, управување и одржување на електронската платформа е – инспектор | Континуирано |
| 2.14 | Учество во подготвување на законски и други проекти во надлежност на други органи на управата | Континуирано |
| 3. | Соработка со други институции, организации, медиуми, јавност | |
| 3.1 | Потпишување на два меморандуми за соработка со сродни институции во Регионот | Прв/Трет квартал |
| 3.2 | Продолжување на соработката со ЕБРД | Континуирано |
| 3.3 | Спроведување на медиумска кампања | Континуирано |
| 3.4 | Управување и одржување на веб страницата на Советот | Континуирано |
| 3.5 | Активно учество во креирање на Стратегија за реформа на јавната администрација 2023-2030 година | Континуирано |

| Ред.бр. | Програмска определба / Активност (Резултат) | Рок за реализација / Коментар |
|---|---|---|
| 3.6 | Активно учество во креирање на Стратегија за формализирање на неформалната економија 2023-2025 година | Континуирано |
| 3.7 | Активно учество во креирање на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 година | Континуирано |
| 3.8 | Активно учество во креирање на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026 година | Континуирано |
| 3.9 | Редовни средби со инспекциските служби | Континуирано |
| 3.10 | Состаноци со други институции | Континуирано |
| 4. | Подобрување на работењето на Советот | |
| 4.1 | Вработување на административни државни службеници | Прв квартал |
| 4.2 | Донесување на Годишен извештај за работа на Советот за 2023 година | Прв квартал |
| 4.3 | Донесување на Годишен план за работа на Советот за 2025 година | Четврт квартал |
| 4.4 | Донесување на Стратешки план на Советот 2025 – 2027 година | Трет квартал |
| 4.5 | Спроведување на обука за стручно-административната служба на Советот | Континуирано |
| 4.6 | Зголемување на базата на инспектори обучувачи | Континуирано |